# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КОМПЈУТЕРСКИ НАУКИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 7.5.2026 година, за избор на асистент во наставно-научната област компјутерски науки, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 10 донесена на 21.5.2026 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Александра Поповска-Митровиќ, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Верица Бакева Смиљкова, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, и д-р Весна Димитрова, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на асистент во наставно-научната област компјутерски науки (позиција 3), во предвидениот рок се пријави само кандидатот м-р Живко Атанаскоски.

### 1 БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот м-р Живко Атанаскоски е роден на 24.6.1997 година, во Скопје. Средно образование завршил во Скопје во СУГС Гимназија „Раде Јовчевски-Корчагин“ со континуиран одличен успех. Во 2016 година се запишал на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, на насоката Компјутерски науки и инженерство. Дипломирал во април 2022 година со просечна оценка 8,33.

Во учебната 2023/2024 година, кандидатот се запишал на втор циклус студии на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, на насоката Безбедност, криптографија и кодирање. Магистерските студии ги завршил во декември 2025 година со просечна оценка 10,00. На 4.12.2025 година, успешно го одбранил магистерскиот труд на тема „Прилог кон примена на машинско учење во теорија на кодирање и сајбер-безбедност“, под менторство на проф. д-р Александра Поповска-Митровиќ.

Во учебната 2025/2026 година, кандидатот се запишал на трет циклус (докторски) студии на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, на насоката Информатика.

Во учебната 2023/2024 година, м-р Живко Атанаскоски е избран за демонстратор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство и е реизбран уште два пати.

Кандидатот е автор на 10 рецензирани научни трудови, објавени на домашни и меѓународни конференции и научни списанија. Кандидатот бил дел од организациският комитет на 3 меѓународни научни конференции и на XXXI балканска олимпијада по информатика, 2024.

М-р Живко Атанаскоски учествувал во 4 национални проекти, финансирани од ФИНКИ, а учествува и во еден меѓународен Erasmus Mundus проект.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Полињата на неговиот научен интерес се: примена на веројатносни модели, теорија на информации, кодирање, криптографија, безбедност и примена на машинско учење во кодирање и безбедност.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2 НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, кандидатот м-р Живко Атанаскоски изведува аудиториски и лабораториски вежби на прв циклус студии на сите студиски програми, на следниве предмети: Математика 1 / Калкулус, Математика 2 / Дискретна математика, Математика 3, Избрани теми од математика, Криптографија, Е-учење, Мултимедијални технологии, Информатичко размислување во образованието и Објектно-ориентирано програмирање.

Кандидатот учествувал како член во Комисија за оцена/одбрана на 4 дипломски работи, на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство.

**Научноистражувачка дејност**

М-р Живко Атанаскоски има објавено вкупно 10 научни трудови во областа на компјутерските науки и инженерството во меѓународни списанија и научни конференции, од кои 9 труда на меѓународни конференции и 1 труд во списание, и тоа:

[1] Mirchevski, S., **Atanaskoski, Z**. Modeling an EOQ Inventory Model with Two-Period Deterioration-Based Threshold Time and Different Selling Prices: Optimization Challenges for Rapid Late-Life Deterioration. Oper. Res. Forum 7, 21 (2026). https://doi.org/10.1007/s43069-026-00609-2

[2] **Atanaskoski Z**.,Karapancheva Z., Dimitrova V., Stojanov R., Implementation of Non Interactive Zero-Knowledge Proof Based Authentication Protocol for Student Authentication, in Proceedings of the 22nd International Conference on Informatics and Information Technologies,Strumica p. 245 - 249

[3] Mirchevski S., **Atanaskoski Z.**, Dimitrova V., Popovska-Mitrovikj A., Theoretical Guarantees and Empirical Convergence of Some Classical Binary Classifiers in Malware Detection, ICT Innovations 2025, Communications in Computer and Information Science, Springer (in print)

[4] Dodevska M., **Atanaskoski Z.**, Jovanov M., Stankov E., Lameski P., Virtual Reality vs Traditional Lectures: A Comparative Study on Student Performance and Engagement, ICT Innovations 2025, Communications in Computer and Information Science, Springer (in print)

[5] Dodevska M., **Atanaskoski Z.**, Jovanov M., Stankov E., Lameski P., Exploring the Educational Potential of Virtual Reality and Mixed Reality: Immersive Learning, Student Engagement, and Knowledge Retention in Proceedings of the 22nd International Conference on Informatics and Information Technologies,Strumica p. 367-372.

[6] Miceva G., Jovanov M., Stankov E., **Atanaskoski Z.**, Using the BBC Micro:bit in Educational Settings: Recommendations for N. Macedonia in Proceedings of the 22nd International Conference on Informatics and Information Technologies,Strumica p. 363 - 366.

[7] **Atanaskoski Z.**, Mirchevski S., Dimitrova V., Popovska-Mitrovikj A.,, Ensemble-Based Machine Learning Models for Cybersecurity: Theoretical Guarantees and Empirical Insights in Proceedings of the International Applied Cybersecurity Conference 2025 (in print)

[8] Mandal A. K., Alam S. M. D., Damitan B. L., Adediji B. F., **Atanaskoski Z.**, Karapancheva Z., Dodevska M., Dimitrova V., An Empirical Study of the Privacy-Utility Trade-off in Differentially Private Classifiers in Proceedings of the 23rd International Conference on Informatics and Information Technologies, Struga (in print).

[9] Jimenez A. M. O., Dodevska M., Karapancheva Z., **Atanaskoski Z.**, Dimitrova V., Securing the Agentic Backbone: A Literature Review of Security Challenges in the Model Context Protocol in Proceedings of the 23rd International Conference on Informatics and Information Technologies, Struga (in print).

[10] Mitra S., Dodevska M., Karapancheva Z., **Atanaskoski Z.**, Dimitrova V., Popovska-Mitrovikj A., Anomaly Detection in IoT Networks: A Focused Survey on Federated, Privacy-Aware, and Adaptive Learning Models in Proceedings of the 23rd International Conference on Informatics and Information Technologies, Struga (in print).

М-р Живко Атанаскоски учествувал во следниве научноистражувачки проекти, финансирани од Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство:

1. Системи за повеќефазно масовно опслужување и нивна примена, 2025/2026

2. Безбедносни предизвици и нови парадигми во криптографија и кодирање во ерата на вештачката интелигенција, 2025/2026
3. Продолжување на проектот „Современи аспекти на безбедност, криптографија и кодирање при пренос на податоци“, 2024/2025
4. Перзистентна хомологија и примена во медицински податоци, 2024/2025.

Кандидатот е член на една COST-акција: CA22104 - Behavioral Next Generation in Wireless Networks for Cyber Security (BEiNG-WISE).

Кандидатот е член на еден меѓународен Erasmus-проект: CyberMACS Master's Programme in Applied Cybersecurity - Erasmus Mundus Joint Master Degree.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Кандидатот бил член во организацискиот комитет на следниве конференции:

1. 22. Интернационална конференција за информатика и информациски технологии
2. 23. Интернационална конференција за информатика и информациски технологии
3. Интернационална конференција за компјутерски науки и математика.

М-р Живко Атанаскоски бил и технички едитор на Book of abstracts of International Conference for Computer Science and Mathematics Dedicated to Prof. Smile Markovski.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот м-р Живко Атанаскоски доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Живко Атанаскоски

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека м-р Живко Атанаскоски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето асистент во научната област компјутерски науки.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, м-р Живко Атанаскоски да биде избран во звањето асистент во научната област компјутерски науки.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Верица Бакева Смиљкова, с.р.**
**Проф. д-р Весна Димитрова, с.р.**
**Проф. д-р Александра Поповска-Митровиќ, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Живко Миле Атанаскоски
**Институција:** Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство
**Научна област:** компјутерски науки

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | да |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: безбедност, криптографија и кодирање. | да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот и на вториот циклус академски студии посебно<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,33.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00. | да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англискиот јазик<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“<br>4. Датум на издавање на документот: 25.11.2025. | да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Верица Бакева Смиљкова, с.р.**
**Проф. д-р Весна Димитрова, с.р.**
**Проф. д-р Александра Поповска-Митровиќ, с.р.**